**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „КУМАНОВО-ГАС” – КУМАНОВО**



# ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ
# 01.07.2019 – 30.09.2019

**Куманово 2019 година**

**ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ**

**на ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „КУМАНОВО-ГАС” – КУМАНОВО**

**Предлагач:** **Законски застапник на претпријатието**
**Претставник:** **Никола Денковски**

| **П Р Е Г Л Е Д**<br>на остварени приходи и трошоци од 01.07.2019 до 30.09.2019 год. во ЈП Куманово-гас Куманово | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Р. б** | **Конто** | **Опис** | **01.07.-30.09.2019** | **01.07.-30.09.2018** | % |
| 1 | 741 | Приходи од услуги-приклучок | 324.994,00 | 262.327,00 | 124 |
| 2 | 741 | Приходи од гас | 185.162,00 | 187.294,00 | 99 |
| | | Приход од надомест за дистрибуција | 27.366,00 | 27.759,00 | 99 |
| | | Приход од надомест за снабдување | 18.244,00 | 18.506,00 | 99 |
| 3 | 774-769 | Останати проходи-од камата | 0,00 | 24,00 | / |
| | | -од вработени | 1.990,00 | 4.694,00 | 42 |
| | | -од вишок | 0,00 | 107.754,00 | / |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **557.756,00** | **608.358,00** | 92 |
| | | | | | |
| 4 | 400-401 | Потрошени суровини и материјали | 5.820,00 | 7.930,00 | 73 |
| 5 | 402-403 | Потрошена енергија ( електрична, топлотна, нафта, мазут, масло за горење, гориво) | 9.830,00 | 8.501,00 | 116 |
| 6 | 405 | Потрошени резервни делови и материјали за одржување | 0,00 | 8.060,00 | / |
| 7 | 411 | Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет | 32.839,00 | 37.371,00 | 88 |
| 8 | 415 | Комунални услуги | 3.930,00 | 3.927,00 | 100 |
| 9 | 419 | Останати услуги | 6.768,00 | 115.599,00 | 6 |
| 10 | 420 | Плата и надоместоци на плата | 1.074.985,0 | 1.092.757,00 | 98 |
| 11 | 422 | Надомест на трошоци на вработени | 151.623,00 | 48.406,00 | / |
| 12 | 430 | Амортизација на постојани средства | 311.242,00 | 789.041,00 | 39 |
| 13 | 440 | Патни трошоци (бензин,патарина,паркинг) | 5.900,00 | 8.121,00 | 73 |
| 14 | 442 | Трошоци за надомест и други примања на член. на управен и надзорен одбор | 124.995,00 | 124.995,00 | 100 |
| 15 | 444 | Трошоци за репрезентација | 0,00 | 4.065,00 | / |
| 16 | 445 | Трошоци за осигурување | 7.257,00 | 8.657,00 | 84 |
| 17 | 446 | Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 8.924,00 | 9.388,00 | 95 |
| 18 | 447 | Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки | 1.400,00 | 4.850,00 | 29 |
| 19 | 449 | Останати трошоци на работењето | 89.110,00 | 69.323,00 | 129 |
| 20 | 474 | Камати по основ на обврски | 0,00 | 1.764,00 | / |
| 21 | 701 | Набавна вредност на гас | 185.162,00 | 187.294,00 | 99 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **2.019.785,00** | **2.530.049,00** | **80** |
| | I. | ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ | 557.756,00 | 608.358,00 | 92 |
| | II. | ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ | 2.019.785,00 | 2.530.049,00 | 80 |
| | III. | ОСТВАРЕНА ЗАГУБА/ДОБИВКА | -1.462.029,00 | -1.921.691,00 | 76 |

***Вкупниот приход*** остварен во третиот квартал од 2019 год. изнесува 557.756,00 денари што во споредба со истиот период минатата година (2018 г во износ од 608.358,00 денари) е намален за 8%. Вкупниот приход го сочинуваат приходи од услуги-приклучок во износ од 324.994,00 денари,приходи од испорака на гас во износ од 185.162,00 денари,приход од надомест за дистрибуција во износ од 27.366,00 денари,приход од надомест за снабдување во износ од 18.244,00 денари како и приходи од вработени во износ од 1.990,00 денари,што се однесува на месечни задршки за колективно осигурување и надминат лимит за телефони.

***Вкупни расходи*** на работењето во третиот квартал од 2019 год. изнесуваат 2.019.785,00 денари и во однос на претходната година се намалени за 20%.Во 2018 година вкупни расходи за истиот квартал изнесуваат 2.530.049,00 денари.

Тука спаѓаат:

-Потрошени суровини и материјали изнесуваат 5.820,00 денари а се однесуваат за набавка на канцелариски материјал и потрошен материјал за одржување.Овие трошоци бележат намалување за 27% во однос на 2018 година(во износ од 7.930,00 денари);

-Трошоци за енергија(електрична,топлотна,нафта,мазут,масло за горење,гориво) изнесуваат 9.830,00 ден а се однесуваат на потрошена електрична енергија.Овие трошоци бележат зголемување за 16% во однос на 2018 г(во износ од 8.501,00 денари) ;

-Поштенски, телефонски услуги и интернет изнесуваат 32.839,00 денари и се намалени за 12% во однос на истиот квартал 2018 година (во износ од 37.371,00денари);

-Трошоци за комунални услуги изнесуваат 3.930,00 а се однесуваат на добиени фактури за отпад;

-Под останати услуги се опфатени услуги за регистрација и надомест за физичко и техничко обезбедување.Заедно изнесуваат 6.768,00 денари и се намалени во однос на минатогодишните (2018г-115.599,00 денари);

-За овие три месеци обезбедена е бруто плата и други лични примања во износ од 1.074.985,00 денари, согласно Закон за исплата на плати во Република Северна Македонија;

-Надомест на трошоци на вработени се однесуваат за исплатен регрес за годишен одмор во износ од 151.623,00 денари согласно важечките прописи за исплата во Јавен сектор;

-Пресметана амортизација на софтвер,цевковод,постројки и опрема е во износ од 311.242,00 денари.Во однос на претходната година бележи намалување;

-Патни трошоци за овој период изнесуваат 5.900,00 денари ,се однесуваат на трошоци за потрошено гориво и мазиво,патарини,паркинг и бележат намалување во споредба со минатогодишните(2018 г –8.121,00 денари);

-Трошоци за надомест и други примања на членови на управен и надзорен одбор се во износ од 124.995,00 денари;

-Трошоци за осигурување се во износ од 7.257,00 денари,банкарска провизија во износ од 8.924,00 денари и даноци кои не зависат од резултатот во износ од 1.400,00 денари(административна такса ) ;

-Под останати трошоци во износ од 89.110,00 денари се опфатени трошоци за сметководствени услуги и договор за дело.Овие трошоци бележат зголемување од 29%(2018 г- 69.323,00 денари);

Како составен дел на трошоците е и набавна вредност на испорачан гас во износ од 185.162,00 денари и бележи намалување за 1% во однос на претходната година(2018 год. -изнесуваше 187.294,00 денари)

Со вкупно остварените приходи од 557.756,00 денари и вкупно направените расходи во износ од 2.019.785,00 ден. во текот на овој квартал остварена е загуба од работењето во износ од 1.462.029,00 денари.

Загубата во споредба со истиот период минатата година е намалена за 24%.Загуба во 2018 година изнесуваше 1.921.691,00 денари.

| П Р Е Г Л Е Д<br>на остварени приходи и трошоци од 01.01.2019 до 30.09.2019 година во ЈП Куманово-гас Куманово | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Р/бр** | **Конто** | **Опис** | **01.01.-30.09.2019** | **01.01.-30.09.2018** | % |
| 1 | 741 | Приходи од услуги-приклучок | 999.064,00 | 4.743.235,00 | 21 |
| 2 | 741 | Приходи од гас | 7.008.595,00 | 570.090,00 | / |
| | | Приход од надомест за дистрибуција | 1.023.284,00 | 836.083,00 | 122 |
| | | Приход од надомест за снабдување | 682.190,00 | 557.390,00 | 122 |
| 3 | 774 | Останати проходи-од камата | 0,00 | 212,00 | / |
| | | -од вработени | 9.639,00 | 10.991,00 | 88 |
| | | -од вишок | 0,00 | 107.754,00 | / |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **9.722.772,00** | **6.825.755,00** | 142 |
| | | | | | |
| 4 | 400-401 | Потрошени суровини и материјали | 37.972,00 | 35.127,00 | 108 |
| 5 | 402-403 | Потрошена енергија ( електрична, топлотна, нафта, мазут, масло за горење, гориво) | 40.523,00 | 32.076,00 | 126 |
| 6 | 405 | Потрошени резервни делови и материјали за одржување | 4.300,00 | 8.060,00 | 53 |
| 7 | 408 | Отпис на ситен инвентар | 1.100,00 | 0,00 | / |
| 8 | 411 | Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет | 81.962,00 | 107.987,00 | 76 |
| 9 | 415 | Комунални услуги | 11.790,00 | 11.781,00 | 100 |
| 10 | 417 | Трошоци за реклама и пропаганда | 0,00 | 3.540,00 | / |
| 11 | 419 | Останати услуги | 53.161,00 | 141.258,00 | 38 |
| 12 | 420 | Плата и надоместоци на плата | 3.316.244,00 | 3.618.272,00 | 92 |
| 13 | 422 | Останати трошоци на вработени | 151.623,00 | 210.144,00 | 72 |
| 14 | 430 | Трошоци за амортизација | 937.314,00 | 789.041,00 | 119 |
| 15 | 440 | Патни трошоци (Бензин,патарина,паркинг) | 18.912,00 | 23.802,00 | 79 |
| 16 | 441 | Трошоци за усовршување на вработени | 16.000,00 | 0,00 | / |
| 17 | 442 | Трошоци за надомест и други примања на член на управен и надзорен одбор | 374.985,00 | 374.985,00 | 100 |
| 18 | 444 | Трошоци за репрезентација | 0,00 | 23.897,00 | / |
| 19 | 445 | Трошоци за осигурување | 12.657,00 | 17.833,00 | 71 |
| 20 | 446 | Банкар. услуги и трош. за плат. промет | 31.972,00 | 31.781,00 | 101 |
| 21 | 447 | Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки | 5.150,00 | 4.850,00 | 106 |
| 22 | 449 | Останати трошоци на работењето | 221.587,00 | 162.943,00 | 136 |
| 23 | 469 | Трошоци од минати години | 28.196,00 | 0,00 | / |
| 24 | 474 | Трошоци по пресуда | 76.369,00 | 16.745,00 | / |
| 25 | 701 | Набавна вредност на гас | 7.008.595,00 | 4.743.110,00 | 148 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **12.430.412,00** | **10.357.232,00** | **120** |
| | I. | ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ | 9.722.772,00 | 6.825.755,00 | 142 |
| | II. | ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ | 12.430.412,00 | 10.357.232,00 | 120 |
| | III. | ОСТВАРЕНА ЗАГУБА | -2.707.640,00 | -3.531.477,00 | 77 |

***Вкупниот приход*** остварен во првите девет месеци од 2019 год. изнесува 9.722.772,00 денари што во споредба со истиот период минатата година (2018 г во износ од 6.825.755,00 денари) е зголемен за 42 %. Вкупниот приход го сочинуваат приходи од услуги-приклучок во износ од 999.064,00 денари,приходи од испорака на гас во износ од 7.008.595,00 денари, приход од надомест за дистрибуција во износ од 1.023.284,00 денари,приход од надомест за снабдување во износ од 682.190,00 денари и приходи од вработени во износ од 9.639,00 денари што се однесува на месечни задршки за колективно осигурување и надминат лимит за телефони .

***Вкупни расходи*** на работењето во овие девет месеци од 2019 год. изнесуваат 12.430.412,00 денари (2018 г-10.357.232,00 денари)**.**Тука спаѓаат:

-Потрошени суровини и материјали во износ од 37.972,00 денари а се однесуваат на потрошени средства за чистење и одржување ,трошоци за набавка на канцелариски материјал и трошоци за набавка на работна облека и обувки.Овие трошоци бележат зголемување за 8% во однос на 2018 година(во износ од 35.127,00 денари);

-Трошоци за енергија(електрична,топлотна,нафта,мазут,масло за горење,гориво) изнесуваат 40.523,00 денари а се однесуваат на потрошена електрична енергија.Овие трошоци бележат зголемување за 26% во однос на минатогодишните(2018 г- 32.076,00 денари);

-Трошоци за потрошен материјали и резервни делови за моторни возила изнесуваат 4.300.00 денари додека трошоци за ситен инвентар се во износ од 1.100,00 денари;

-Поштенски, телефонски услуги и интернет изнесуваат 81.962,00 денари и се намалени за 24% во однос на минатогодишните(2018г-107.987,00 денари);

-Трошоци за комунални услуги изнесуваат 11.790,00 а се однесуваат на добиени фактури за отпад;

-Под останати услуги се опфатени услуги за регистрација на патнички автомобил во износ од 2.268,00денари,услуги за годишна членарина во Комора за архитекти во износ од 6.450,00 денари,услуги за огласување во Сл.Весник во износ од 14.688,00 денари,трошоци за надомест од Вкупен приход во износ од 6.665,00 денари,физичко и техничко обезбедување во износ од 13.500,00 денари,услуги од Централен регистар во износ од 2.100,00 денари како и барање за ппз апарат,купен стандард,услуги за поправка и обнова на домен во износ од 7.490,00 денари.Сите заедно изнесуваат денари 53.161,00 денари (2018 г- 141.258,00 денари);

-За овие девет месеци пресметана е бруто плата и други лични примања во износ од 3.316.244,00 денари, согласно Закон за исплата на плати во Република Северна Македонија;

-Останати трошоци на вработени се во износ од 151.623,00 денари а се однесуваат на надомест за регрес за годишен одмор ,согласно важечките прописи за исплата во Јавен сектор;

-Пресметана амортизација на софтвер,цевковод,постројки и опрема е во износ од 937.314,00 денари.Во однос на претходната година бележи зголемување за 19%.

-Патни трошоци за овој период изнесуваат 18.912,00 денари а се однесуваат на трошоци за потрошено гориво и мазиво,патарина и паркинг и бележат намалување во споредба со минатогодишни те за 21%(2018 г -23.802,00 денари);
-Надомест на трошоци на вработени се во износ од 16.000,00 денари а се однесуваат на трошоци за систематски преглед за сите вработени како и трошоци за обука на нови вработени ;
-Вкалкулирани трошоци за надомест и други примања на членови на управен и надзорен одбор се во износ од 374.985,00 денари;
-Трошоци за осигурување во износ од 12.657,00 денари,трошоци за платен промет во износ од 31.972,00 денари а даноци кои не зависат од резултатот се во износ од 5.150,00 денари(административни такси );
-Под останати трошоци во износ од 221.587,00 денари се опфатени трошоци за сметководствени услуги,адвокатски и нотарски услуги,надомест за договор за дело и претплата на Сл.весник.Овие трошоци бележат зголемување од 36% во однос на минатогодишните (2018 г- 162.943,00 денари);
-Трошоци од минати години во износ од 28.196,00 денари се однесуваат на дополнително утврдени расходи од претходни години за Електро Куманово ДОО Куманово,непризнати камати по основ на наплата на извршител за истото се во износ од 76.122,00 денари додека камати по основ на обврски(каматна листа) се во износ од 247,00 денари.
Како составен дел на трошоците е и набавна вредност на испорачан гас во износ од 7.008.595,00 денари и бележи зголемување за 48% во однос на претходната година(2018 год. -изнесуваше 4.743.110,00 денари)
Со вкупно остварените приходи од 9.722.772,00 денари и вкупно направените расходи во износ од 12.430.412,00 ден. во текот на овој период остварена е загуба од работењето во износ од 2.707.640,00 денари.
Загубата во споредба со истиот период минатата година е намалена за 23%.Загуба во 2018 година изнесуваше 3.531.477,00 денари.

Во Извештајот за добивка или загуба приходите и трошоците се групирани по позиции соодветно каде што одговараат.

# 1) ИЗВЕШТАЈ ЗА БИЛАНС НА УСПЕХ НА ЈП КУМАНОВО-ГАС КУМАНОВО
# за периодот од 01.01. до 30.09.2019 година

| *Позиција* | *Тековен период (01.01.-30.09.2019)* | *Претходен период (01.01.-30.09.2018)* | % |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 9.713.133,00 | 6.706.798,00 | 145 |
| Останати оперативни приходи | 9.639,00 | 118.745,00 | 8 |
| Потрошен материјал и ситен инвентар | 83.895,00 | 75.263,00 | 111 |
| Набавна вредност на гас | 7.008.595,00 | 4.743.110,00 | 148 |
| Трошоци на вработени | 3.316.244,00 | 3.618.272,00 | 92 |
| Амортизација и ревалориз. на амортизација | 937.314,00 | 789.041,00 | 119 |
| Останати оперативни расходи | 1.084.364,00 | 1.131.546,00 | 96 |
| **Добивка/Загуба од оперативно работење** | **-2.707.640,00** | **-3.531.689,00** | **77** |
| Финансиски приходи | 0,00 | 212,00 | / |
| Финансиски расходи | 0,00 | 0,00 | / |
| **Добивка/загуба пред оданочување** | **-2.707.640,00** | **-3.531.477,00** | **77** |
| Данок на добивка | 0,00 | 0,00 | / |
| **Добивка/загуба од редовно работење** | **-2.707.640.00** | **-3.531.477,00** | **77** |
| **Нето добивка/загуба од редовно работење** | **-2.707.640,00** | **-3.531.477,00** | **77** |
| Вонредни проходи | 0,00 | 0,00 | / |
| Вонредни расходи | 0,00 | 0,00 | / |
| **Нето добивка/загуба** | **-2.707.640,00** | **-3.531.477,00** | **77** |

## 2.ИЗВЕШТАЈ ЗА БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ЈП КУМАНОВО-ГАС КУМАНОВО на ден 30.09.2019 година

| *Позиција* | *30.09.2019* | *30.09.2018* | % |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **А) Побарувања за запишан а неуплатен капитал** | | | |
| **Б) Постојани средства** | **32.547.023,00** | **31.134.308,00** | **105** |
| Нематеријални средства | 0,00 | 10.703,00 | / |
| Материјални средства | 32.547.023,00 | 31.123.605,00 | 105 |
| Долгорочни вложувања | 0,00 | 0,00 | / |
| Долгорочни побарувања | 0,00 | 0,00 | / |
| **В) Тековни средства** | **24.948.966,00** | **15.939.479,00** | **166** |
| Залихи | 1.032.059,00 | 781.846,00 | 132 |
| Побарувања од купувачи | 498.347,00 | 504.442,00 | 99 |
| Побарув.за аванси во земјата | 2.898.877,00 | 2.469.260,00 | 117 |
| Останати краткор.побарувања | 11.741.029,00 | 11.741.029,00 | 100 |
| Краткорочни фин.вложувања | 36.780,00 | 176.902,00 | 21 |
| Активни времен.разграничувања | 122.274,00 | 11.118,00 | / |
| Парич.средства и еквивалени на парични средства | 8.619.600,00 | 254.882,00 | / |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **57.495.989,00** | **47.073.787,00** | **122** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **А) Капитал и резерви** | **41.085.935,00** | **43.253.222,00** | **95** |
| Запишан капитал | 106.303.520,00 | 106.303.520,00 | 100 |
| Премии за емитирани акции | 0,00 | 0,00 | / |
| Ревалоризациона резерва | 0,00 | 0,00 | / |
| Резерви | 0,00 | 0,00 | / |
| Акумулирана добивка/загуба | -62.509.945,00 | -59.518.821,00 | 105 |
| Тековна добивка/загуба | -2.707.640,00 | -3.531.477,00 | 77 |
| Откупни сопствени акции | 0,00 | 0,00 | / |
| **Б) Долгорочни резервирања за ризици и трошоци** | **0,00** | **0,00** | **/** |
| **В) Малцински интерес** | **0,00** | **0,00** | **/** |
| **Г) Долгорочни обврски** | **0,00** | **0,00** | **/** |
| **Д) Тековни обврски** | **16.410.054,00** | **3.820.565,00** | **/** |
| Обврски спрема добавувачи | 208.728,00 | 249.586,00 | 84 |
| Останати краткорочни обврски | 16.188.203,00 | 3.570.979,00 | / |
| Обврски за аванси | 0,00 | 0,00 | / |
| Обврски по краткор.кредити | 0,00 | 0,00 | / |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди | 13.123,00 | 0,00 | / |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **57.495.989,00** | **47.073.787,00** | **122** |

Билансот на состојба ја покажува состојбата на Претпријатието од самиот почеток до денес.Билансот се состои од Актива и Пасива кои се идентични.Активата ги опфаќа средствата додека пасива Обврските и капиталот.

**Актива** е во износ од 57.495.989,00 денари а ја сочинуваат:

*Постојани средстава :*
-Материјалните средстава во износ од 32.547.023,00 денари ги сочинуваат цевководот,транспортно средство Линеа , опрема како и средства во подготовка кои сеуште не се активирани.
*Тековните средства:*
-Залиха на гас во износ од 27.350,00 денари или тоа е залиха од 1.337,5м3 а залиха на материјали во износ од 1.004.709,00 денари.
-Побарувања од купувачи во износ од 498.347,00 денари се ненаплатени побарувања од испоставени фактури.
-Побарувања за аванси во земјата во износ од 2.898.877,00 се однесува на авансни средства за кои уште нема добиено фактури.
-Останати краткорочни побарувања во износ од 11.741.029,00 денари се однесуваат на побарувања од Општина-Куманово по договор за цевки кои уште не се подигнати.
-Краткорочни финансиски вложувања во износ од 36.780,00 денари се однесуваат на претплата на данок од добивка.
-Активни временски разграничувања во износ од 122.274,00 денари ги вклучуваат побарувања од Општина Куманово за надомест на солидарен дел по извршена исплата за Електро Куманово ДОО Куманово и премиите за осигурување кои покриваат два периода кои како реален трошок ќе бидат наредна година.
-Парични средства и еквиваленти на парични средства во износ од 8.619.600,00 денари е салдо на пари на жиро сметка и во благајна.

**Пасива** е во износ од 57.495.989,00 денари а ја сочинуваат:
*Капитал и резерви:*
-Запишан капитал во износ од 106.303.520,00 денари.
-Акмулирана загуба во износ од 62.509.945,00 денари.
-Тековна загуба во износ од 2.707.640,00 денари.
*Тековни обврски:*
-Обврски спрема добавувачи во износ од 208.728,00 денари а се однесува на неизмирени обврски за кои имаме добиено фактури.
-Останати краткорочни обврски во износ од 16.188.203,00 денари се однесува на обврска на нето и персонален на членови на управен и надзорен одбор,договор за дело,обврска за ддв како и обврска за незапишан капитал во ЦРМ уплатен по одлука од страна на Општина Куманово.
-Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди се во износ од 13.123,00 денари се однесуваат на авансно добиени средства за кои нема сеуште испоставено фактура и приход ќе настане во иден период.
Претпријатието обврските по основ на плати и придонеси и другите надоместоци ги подмирува во рамки на своите финансиски можности, а обврските кон државата по основ на ДДВ, данок од добивка и персонален данок настојува да ги плати веднаш во момент на настанување.

Изготвил:
Книг.Биро СТАМЕНКОВСКИ ДОО
Куманово